**Извештај за Иницијативата на младите за човекови права во Србија и Иницијативата на младите за човекови право во Хрватска за кампањата 1.000.000 потписи за РЕКОМ**

**26 април-30 јуни 2011.**

Кампањата за собирање на потиси за основање на РЕКОМ ја водеа Заводот Академија за напредни идеи (Словенија),ПРОНИ И Младински ресурсен центар (БиХ), Центар за мониторинг-ЦЕМИ (Црна Гора), Интегра (Косово), Младински образовен форум-МОФ(Македонија), Иницијатива на младите за човекови права во Хрватска и Иницијатива на младите за човекови права во Србија кои ги координираа активностите на регионално ниво. Во организацијата на кампањата непосредно беа ангажирани два регионални координатора,осум национални ( на ниво на држави) и 81 локален координатор, кои ја поврзуваа активноста на волонтерите на теренот.

Кампањата траеше од 26.04. до 30.06. 2011 година. До 5. 07. 2011 година во Базата на податоци на кампањата за собирање на потписи беа внесени 542.660 потписи за поддршка за основање на РЕКОМ. Во иднина, додека владите на пост-југословенските земји не донесат одлуки за основање на РЕКОМ, собирањето на потисите и поддршката ќе се одвиваат преку интернет (http: support. sarekom. org) и на јавни случувања на члениките на коалицијата за РЕКОМ.

**Отворање на кампањата**

Кампањата е отворена на 26.04.2011 година во 12.00 часот, во осум градови во регионот на бивша Југославија (Сарево, Бања Лука, Белград, Загреб, Приштина,Скопје, Подгорица и Љубљана). Учествуваа неколку стотина млади , членови и членки на Коалицијата за РЕКОМ и пријатели на Иницијативата за РЕКОМ. Прв потписник на петицијата за основањена РЕКОМ во Сарево беше претседателот на СДА, Сулејман Тахиќ. Покрај него, на отворањето на кампањата во Сараево имаше и други политичари од СДА и од СДП, кои со својот потпис го поддржаа основањето на РЕКОМ. Отворањето на кампањата во Приштина беше најважен медиумски настан на 26.04.2011 година. Тонот го даваа активистите на Иницијативата на младите за човекови права на Косово, со акцијата *Регионално одмрзнување*. Истата акција,на отворањето на кампањата во Белград ја изведоа активистте на Инцијативата на младите за човекови права на Србија. Од почетокот на кампањата се објавени над 70 прилози во печатените и во електронските медиуми.

**Организација на кампањата**

Во кампањата учествуваа 1.301 волонтери, активисти на организацијата на младите и членови на подмладоците на неколку политички партии. Тие собираа потписи на 219

штандови во главните градови и во поголемите места,како и во акцијата *од врата на врата.*

**Текот на кампањата**

Поддршката на РЕКОМ,која е истражувана во текот на кампањата за собирање на потписи,не кореспондира во целост со очекувањата на Коалицијата за РЕКОМ, заснована врз истражувањата на *ИПСОС* агенцијата, спроведена во април 2011 година. Според истражувањата, Иницијативата за РЕКОМ имаше значително поголема поддршка на Косово, во Црна Гора и во Федерацијата БиХ, отколку во Хрватска, и во Република Српска-БиХ. Во текот на кампањата, во Федерацијата БиХ и во Србија собрани се помалку потписи од очекуваното, додека пак во Бања Лука (БиХ-Република Српска) собрани се неочекувано голем број потписи.

На Косово младинската организација *Интегра* за четири седмици собра 100.559 потписи,колку што беше предвидено со Планот за кампањата. Најголем број потписи волонтерите собраа во акцијата *од врата до врата*. На почетокот на кампањата, Координацијата на здруженијата на семејствата на исчезнатите,која Иницијативата на РЕКОМ ја смета за српска,па затоа не ја поддржуваше, ги повика граѓаните да не ја потпишуваат петицијата,но тоа на терен немаше какво било влијание.

Во БиХ се собрани 122.473 потписи. Раководството на Сојузот на здруженија на семејства на борци и исчезнати во Република Српска (БиХ) јавно ги повика граѓаните да не ја потпишуват петицијата за основање на РЕКОМ со објаснување дека РЕКОМ е против Србите. Медиумите во РС не водеа кампања против Иницијативата за РЕКОМ,како што беше случај во 2010. година кога ја поддржаа оценката на Бранко Тодоровиќ од Хелсиншкиот комитет за човекови права во РС и Един Рамулиќ од Здружението *Извор* од Приједор дека процесот РЕКОМ во БиХ е пропаднат. На пример: Независне новини професионално ги пренесуваа информациите за текот на кампањата. Собирањето на потписите во РС беше прекинато за време на протестот против апсењето на Ратко Младиќ. Покрај доброорганизираниот тим од волонтери, воздржаноста на медиумите и на власта од критики и напади на поедини членови на Коалицијата за РЕКОМ, што го правеа во текот на март 2010. година, секако придонесоа во Бања Лука да бидат собрани 45.239 потписи. Бројот на собраните потписи во Федерацијата БиХ е помал од очекуваното. Освен цврстата поддршка на *Ослобоѓење*,другите печатени медиуми не беа заинтересирани да ја следат кампањата за собирање на потписи. Во екот на кампањата најгледаната телевизија во Сараево, ФТВ објави два негативни прилога за Иницијативата за основање на РЕКОМ и против Наташа Кандиќ,што, покрај недоволниот број волонтери, сигурно влијаеше на помалата поддршка од очекуваната.

Во Црна Гора кампањата за собирање на потписи протече во знакот на силна политичка и јавна поддршка на иницијативата за основање на РЕКОМ.

Во Србија кампањата се одвиваше во контекст на добра медиумска кампања,особено со силна поддршка на РТС и поддршка на најсилните политички партии. Се има впечаток дека можеа да бидат собрани повеќе од 254.539 потписи,колку што беа собрани за време на кампањата.

Во Македонија кампањата за собирање на потписи за РЕКОМ помина во знакот на поддршка за вклучување на Македонија во оваа регионална иницијатива.

Во Словенија се собрани 5.000 потписи,колку што беше предвидено со Планот за кампањата. Граѓаните не покажаа заинтересираност за иницијатива од земјите на западен Балкан . На порталите на хрватската, бошњачката и српската дијаспора имаше повици за бојкот на иницијативата за РЕКОМ.

Во Хрватска кампањата за собирање на потписи започна непосредно откако Хашкиот трибунал ја изрече осудителната пресуда за двајца генерали на хрватската војска, што дополнително го засили присутниот отпор кон регионално поврзување и регионални иницијативи. Волонтерите работеа под притисок од ненаклонети граѓани и недостик од поддршка од политичките партии и институции. На почетокот на кампањата членовите на Форумот на младите од СДП учествуваа во собирањето на потписи,но Претседателството на таа партија реши СДП да не се вклучува во кампањата за собирање потписи и да не дава поддршка. Заради тоа волонтерите од редовите на СДП престанаа да учествуваат во кампањата. Сојузот на родителите на заробените и исчезнатите во Хрватска јавно го искажа своето противење за организација на кампањата. *Милион потписи* во Хрватска со образложение „ дека со барањето на потписи за вистината за жртвите ќе бидат изманипулирана нивната ( на хрватските граѓани) моментална чувствителност на се што се случува, а е врзано за Домовинската војна, па ќе го дадат својот потпис и за целите на РЕКОМ со кои не се согласуваат.“

**Инциденти**

Во текот на кампањата се забележани неколку случаи на навредување на волонтерите заради тоа што промовираат регионална иницијатива и повикуваат на соработка со земјите кои ја составуваа некогашна Југославија. Во Добој (БиХ) непознат маж физички го турна штандот навредувајќи ги волонтерите. Во Дубровник (Хрватска) непознат маж ги расфрла промотивните материјали кои стоеја на штандот на Коалицијата за РЕКОМ. Во центарот на Сплит ( Хрватска) средовечен маж штандот и волонтерките на иницијативата на младите за човекови права ги поли со урина и побегна. За време на заедничката акција на младите од Хрватска, Словенија, БиХ, и Србија, на 16.06.2011 година во Загреб, на

плоштадот Бан Јелациќ , под мотото *Регионално одмрзнување*,педесеттина активисти за половина час собраа 200 потписи на поддршка. Се случуваше на волонтерите да им приоѓаат граѓани и да ги навредуваат затоа што промовираат регионална иницијатива во Хрватска.

**Подршка на политичари и на јавни личности**

Во **Хрватска** својот потис за РЕКОМ го дадоа потпретседателот на Владара на Република Хрватска, Слободан Узелац, градоначалниците на Пореч и Карловац, Еди Штифаниќ и Дамир Јелиќ, градоначаникот на Вуковар и член на СДП и Жељко Сабо, заменик-градоначалникот на Шибеник , Франко Видовиќ, заменикот на жупанот на Бродско-Посавската жупанија Давор Влаовиќ, сабраниските застапници Мирела Холи, Шиме Лучин, Ингрид Мариновиќ, Јосип Леко, Ненад Стазиќ и Каролина Леаковиќ, соборскиот застапник на Истарско-демократскиот сојуз (ИДС) Дамир Кајин, независниот собраниски застапник Ратко Гајица , поранешниот претседател на Република Хрватска, Стјепан Месиќ, писателот и публицист Слободан Шнајдер и многу други.

Во **Србија** петицијата ја потпишаа претседателот на Собранието на Војводина, Шандор Егереши, претседателот на Владата на Војводина, Бојан Пајтиќ, потпретседателката на Народното собрание на Република Србија Јудита Поповиќ, пратеници од ЛДП, претеничката од ЛСВ Александра Јерков, и на СДУ Жарко Корач, градоначалникот на Бујановац Шаип Камбери, градоначалничката на Панчево Весна Мартиновиќ, градоначалникот на Валево, Зоран Јаковлевиќ, градоначалникот на Сомбор Немања Делиќ и градоначалникот на Суботица Саша Вучиниќ,потоа претседателот на Либерално-демократската партија Чедомир Јовановиќ, претседателот на Лигата на социјалдемократите на Војводина Ненад Чанак, претседателот на Партијата за демократското дејствување Риза Халими, потпретседателката на Демократската партија Јелена Триван, претседателот на на Здружените региони на Србија Млаѓан Динкиќ, претседателот на Српското движење за обнова, Вук Драшковиќ, повереникот за информации од јавно значење Родољуб Шабиќ, државниот секретар во Министерство за Косово и Метохија, Оливер Ивановиќ и други.

Во **Црна Гора** претседателот на Владата на Црна Гора Игор Лукшиќ на 29.04. 2011. година ја потпиша петицијата на состанокот со претставниците на Коалицијата за РЕКОМ. Во текот на кампањата бројни пратеници, лидери на политички партии и јавни личности го дадоа својот потпис за основање на РЕКОМ**.**

Во **Словенија** потпис за основање на РЕКОМ дадоа правобранителката Зденка Чебашек-Травник и тоа на 3.05.2011 и претседателот на подмладокот на Либералдемократите на Словенија, Борут Цинк.

На денот на почнување на кампањата за собирање потписи во **Босна и Херцеговина**, 26.04.2011, потис за поддршка за основање на РЕКОМ дадоа потпретседателот на Федерацијата БиХ, Мирсад Кебо, претседателот на СДА Суејман Тихиќ, градоначалникот на Сараево Алија Бехмен, министерот за култура Салмир Капран и ФБиХ застапничката на СДП во Парламентот на ФБиХ, Бесима Бориќ, како и книжевникот,есеист,аналитичар и публицист Иван Ловреновиќ, режисерите  Дино Мустафиќ и Денис Тановиќ. Потпис за поддршка дадоа и претседателот и потпретседателот на Федерацијата на БиХ, Живко Будимир и Светозар Пудариќ, министерот за безбедност на БиХ, Садик Ахметовиќ, претседавачот на Советот на општината Центар-Сараево, Славен Ковачевиќ, началниците на општините Велика Кладуша, Босанкса Крупа, Добој, Бихаќ и Цазин, Адмил Мулалиќ, Армир Халиловиќ, Обрен Петрпвиќ, Албин Муслиќ и Нермин Огрешевиќ, претседателот и потпретседателот на Демократската народна заедница на БиХ, Рифат Долиќ и Кенан Кесеровиќ, претседателот на Наша партија, Деннис Гратз, потпретседателот на ХДЗ 1990 Мартин Рагуж, Форумот на младите на СДП на БиХ и членката на претседателството на СДП за БиХ, Лидија Корач, поетесата и книжевник Ферида Дураковиќ, глумецот Ермин Браво, режисерот Харис Пашовиќ и други.

Потис на поддрѓка даде и членот на  Претседателството на Босна и Херцеговина, Жељко Комшиќ и тоа за време на претставувањето на Предлогот на статутот на РЕКОМ и на собраните потписи за поддршка на РЕКОМ на 23 јуни 2011.

На **Косово** Рада Трајковиќ, носител на Единствената српска листа, ја потпиша петицијата за основање на РЕКОМ и тоа на 16.05.2011. На состанокот со членовите на Коалицијата за РЕКОМ на 7.06.2011. министерот за здравство на Косово Ферид Агани со потпис за РЕКОМ го поддржа основањето на регионалната комисија.

Во **Македонија** потпис за поддршка за основање на РЕКОМ на 20.06. 2011. Година даде претеникот во Собранието и член на владејачката ВМРО-ДПМНЕ, Владко Ѓорчев.

**Статистика**

На ден 5.07. 2011.

| **Србија** | |
|---|---|
| Белград | 63910 |
| Нови Сад | 34446 |
| Суботица | 3808 |
| Зрењанин | 799 |
| Панчево | 2939 |

| | |
|---|---|
| Сомбор | 4613 |
| Кикинда | 3340 |
| Сремска Митровица | 2793 |
| Крагуевац | 10613 |
| Чачак | 5867 |
| Кралево | 6420 |
| Крушевац | 5036 |
| Јагодина | 731 |
| Смедерево | 2660 |
| Пожаревац | 1037 |
| Валево | 8691 |
| Нови Пазар | 13593 |
| Тутин/ Сјеница | 7358 |
| Прибој | 3638 |
| Приеполе | 4736 |
| Ниш | 24943 |
| Лесковац | 8300 |
| Врање | 5380 |
| Заечар | 2683 |
| Димитровград/Босилеград | 2833 |
| Шабац | 5282 |
| Прешево | 5380 |
| Бујановац | 5200 |
| Ужице | 3520 |
| Онлајн | 2490 |
| **Се заедно** | **254539** |
| | |
| **Босна и Херцеговина** | |
| Сараево | 24727 |
| Тузла | 6882 |
| Калесија | 2325 |
| Живнице | 2809 |
| Бановиќи | 2342 |
| Лукавац | 1794 |
| Бихаќ | 2808 |
| Цазин | 1950 |
| Велика Кладуша | 2533 |

| | |
|---|---|
| Босанска Крупа | 1425 |
| Сански Мост | 2678 |
| Зеница | 1758 |
| Столац | 480 |
| Целиц | 465 |
| Кладањ | 51 |
| Олово/Теоцик/Сапна | 62 |
| Босански Петровац | 60 |
| Дрвар/ Јајце | 69 |
| Горен/ Долен Вакуф | 41 |
| Вареш/ Какањ | 70 |
| Модрица | 78 |
| Домаљевац | 47 |
| Завидовиќи | 1653 |
| Травник | 2397 |
| Маглај | 672 |
| Тешањ | 396 |
| Градачац | 2695 |
| Сребреник | 1507 |
| Орашје | 2529 |
| Оџак | 478 |
| Јабланица | 1895 |
| Коњиц | 1011 |
| Мостар | 1713 |
| Бања Лука | 45239 |
| Бијељина/ Угљеник | 1792 |
| Брчко | 752 |
| Добој | 408 |
| Власеница (Братунац/ Сребреница) | 931 |
| Онлајн | 954 |
| **Се заедно** | **122473** |
| | |
| **Хрватска** | |
| Загреб | 7123 |
| Сплит | 2035 |
| Осиек | 4304 |
| Вараждин | 1499 |

| | |
|---|---|
| Пула | 666 |
| Славонски брод/Пожега | 930 |
| Задар | 196 |
| Велика Горица | 109 |
| Карловац | 283 |
| Вуковар | 353 |
| Шибеник | 722 |
| Сисак | 126 |
| Дубровник | 68 |
| Ровињ/ Пазин | 657 |
| Онлајн | 867 |
| **Се заедно** | **19668** |
| | |
| **Косово** | |
| Prishtine | 18200 |
| Podujeve | 5006 |
| Lipjan | 700 |
| Kastriot | 1400 |
| Fushe Kosove | 1400 |
| Prizren | 10500 |
| Suharek | 700 |
| Dragash | 700 |
| Malisheve | 700 |
| Peje | 12600 |
| Istog | 2800 |
| Junik | 700 |
| Kline | 1400 |
| Gjakove | 12600 |
| Decan | 1400 |
| Mitrovice | 9800 |
| Skenderaj | 2100 |
| Vushtrri | 6300 |
| Leposavic | 700 |
| Ferizaj | 1400 |
| Shterpc | 700 |
| Shtime | 1400 |
| Gjilan | 5600 |
| Bujanovc | 700 |
| Онлајн | 499 |

| | |
|---|---|
| **Се заедно** | **100559** |
| | |
| **Словенија** | |
| Љубљана | 1499 |
| Ново Месо | 1250 |
| Целје | 950 |
| Пиран | 768 |
| Марибор | 689 |
| Онлајн | 186 |
| **Се заедно** | **5342** |
| | |
| **Македонија** | |
| Скопје | 3271 |
| Тетово | 2693 |
| Штип | 1597 |
| Струга | 1133 |
| Битола | 852 |
| Ветераните на НГО | 92 |
| Онлајн | 384 |
| **Се заедно** | **10022** |
| | |
| **Црна Гора** | |
| Подгорица | 9020 |
| Пљевље | 700 |
| Херцег Нови | 500 |
| Рожаје | 4000 |
| Бело Поле | 3000 |
| Беране | 1800 |
| Тиват | 600 |
| Котор | 800 |
| Никшиќ | 3000 |
| Будва | 1040 |
| Бар | 200 |
| Улцињ | 2500 |
| Тузи | 400 |
| Цетиње | 750 |
| Котор | 350 |

| | |
|---|---|
| Сутоморе | 400 |
| Онлајн | 453 |
| **Се заедно** | **30057** |
| | |
| **СЕ ЗАЕДНО** | **542660** |